# НЕ ТРЕБА
## ДА ЖИВЕЕТЕ ВО СТРАВ
# ПРИЈАВЕТЕ
## СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО



Издавач: Организација на жените на Општина Свети Николе
Ул. Цветан Димов 14
2220 Свети Николе
Тел / факс:032 444 620
wom_org@yahoo.com
www.womsvetinikole.org.mk

Автори: Даница Дукас, Александра Коцева, Благица Качанска

Лектура: Благица Качанска

Графички дизајн: Јасмина Трајчева

Година: 2010

Град: Свети Николе

Тираж: 1200

Печати:Цвај Дизајн ДООЕЛ Свети Николе

Информативната брошура е изработена со техничка поддршка на УНДП во рамките на заедничкиот проект на Обединети Нации “Зајакнување на националните капацитети за превенција на семејното насилство“ поддржан Кралството Холандија и Фондот на Обединети Нации за престанок на семејното насилство против жените.

*Ставовите и мислењата на авторите содржани во оваа брошура не претставуваат официјални ставови и мислења на УНДП, Обединетите Нации и други релевантни институции.*

## Содржина

**I**

А) Дефиниција на семејно насилство.................................... 4

Б) Видови и облици на семејно насилство.............................4

**II**

Законски одредби што го третираат семејното насилство во Р.Македонија..........................................................................7

**III**

Улогата и одговорностите на Министерството за внатрешни работи во случаи на семејно насилство........... 12

**IV**

Здруженија на граѓани кои го третираат семејното насилство ........................................................................15

## А) Што е семејно насилство?

Под семејно насилство **(според Законот за семејство Сл. Весник на Р.Македонија бр.157/08)** се подразбира малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв кај:

- брачен другар
- поранешен брачен другар
- браќа и сестри, полубраќа и полусестри
- дете
- постари членови во семејството
- лица, членови на семејството чија деловна способност е целосно или делумно одземена

Согласно **Кривичниот законик (сл. весник на Р.Македонија бр. 19/04)** под семејно насилство се подразбира малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко и физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв.

## Б) Видови на семејно насилство

Насилството во семејството може да биде насочено само кон Вас или кон повеќе членови на Вашето семејство. Најчести жртви на семејно насилство се жените, децата и старите лица.

Насилството може да биде емоционално (психичко) насилство, економско, физичко, сексуално семејно насилство и работно искористување.

- ***Емоционално (психичко) насилство*** - Доколку постојано сте изложени на исмејување, навредување, потценување од друг член на семејството, не ја добивате потребната поддршка и грижа, забрането Ви е да работите, значи дека во Вашето семејство сте изложени на психичко насилство.

- ***Економско насилство*** - Во случај кога Ви се скратени или одземени Вашите финансиски средства или на било кој начин Ви се одземени средствата за живот или доколку поранешниот брачен/вонбрачен другар не плаќа алиментација, станува збор за економско семејно насилство.

- ***Физичко насилство*** се манифестира преку употреба на физичка сила или пак закана дека истата ќе биде употребена врз Вас од страна на Вашиот брачен (сегашен или поранешен) или вонбрачен партнер, или од друг полнолетен член од Вашето домаќинство.

Физичко насилство вклучува туркање, удирање шлаканици, кубење на коса, удирање, гребење, тресење, клоцање или напад со фрлање предмети, нанесување повреди со најразлични видови оружје, нанесување изгореници и друго, кои можат да резултираат со помали или посериозни повреди.
Физичкото насилство може да предизвика убиство или обид за убиство.




- ***Сексуално насилство и сексуална злоупотреба*** - подразбира секој сексуален контакт со Вас/лицето жртва (допирање и милување на несоодветни места), подведување на проституција, несакан полов однос, полов однос пред дете и покажување на интимните делови од телото пред дете.

- ***Работно искористување*** подразбира искористување на Вашиот труд, на трудот на Вашите малолетни деца, на стари, болни или лица неспособни за работа, односно разни форми на искористување на Вашиот труд - спротивно на Вашата желба или можности, со цел прибавување материјална корист во полза на сторителот на насилство.

***Не дозволувајте некој член на семејството со примена на сила, закана и заплашување да Ви нанесува телесни повреди, да врши емоционална или сексуална злоупотреба и/или материјално и сексуално да Ве искористува!***

## II Законски одредби што го третираат семејното насилство во Република Македонија

*Семејното насилство е казниво дело!!!*

Семејното насилство во Р. Македонија е регулирано со:

- **Законот за семејство Сл. Весник на Р.Македонија бр 38/04, 83/04, 33/06, 84/08 и 157/08,**
- **Законот за социјална заштита Сл. Весник на Р. Македонија бр 79/09,**
- **Кривичниот законик Сл. Весник на Р. Македонија бр. 19/04**

### А) Видови на мерки за заштита

Кога сте жртва на семејно насилство, заштита можете да побарате од надлежните државни и граѓански организации[1] и тоа од:

- **Центрите за социјална работа**
- **Полициските станици**
- **Здравствените установи**
- **Граѓанските организации**

Овие институции имаат законска обврска да постапуваат по Вашата пријава и следствено на тоа да Ви ја пружат заштитата која Вам Ви е потребна. Центарот за социјална работа согласно законските одредби поднесува предлог до судот за изрекување привремени мерки за заштита кон извршителот на семејното насилство. Вие како жртва на семејно насилство можете и сама да поднесете предлог за

[1] Види графички приказ на страна 18

изрекување на привремена мерка на заштита до надлежниот суд.

**Мерки на заштита** кои ги обезбедуваат Центрите за социјална работа се следниве:

***1. Нужно сместување*** - подразбира сместување во центар за жртви на семејно насилство, кога е утврдено дека постои сериозна опасност и закана за Вашиот живот, здравјето, поради примена на физичка сила, закана или заплашување од друг член на семејството, а кога немате можност за прифаќање и заштита во Вашата поширока семејна средина.

***2. Соодветна здравствена заштита*** - Доколку немате здравствена заштита, Центарот за социјална работа има обврска да Ви помогне да го остварите своето право на здравствена заштита, а доколку е потребно ќе Ви се обезбеди и соодветен медицински третман.

***3. Соодветна психо-социјална интервенција и третман*** Ви се обезбедува преку давање на прва помош од страна на стручни работници преку тимска и индивидуална работа.

***4. Соодветно советувалиште*** е мерка која се спроведува со Ваше упатување во советувалиште, со претходна Ваша согласност и по утврдена потврда за потреба од специфична стручна помош и третман во соодветно советувалиште.

***5. Редовно школување*** е мерка за која Центарот за социјална работа превзема активности, Вие или Вашето дете да се вклучи или да продолжи да посетува редовно образование.

***6. Известување на органот за прогон*** - Центарот за социјална работа има обврска, секогаш кога има информации за одреден случај на семејно насилство, да достави писмена документација до органот за прогон.

***7. Правна помош и застапување*** - ќе Ви биде обезбедена од страна на стручно лице од Центарот за социјална работа преку објаснување на правата во законските постапки кои можат да бидат покренати за надминување и спречување на семејното насилство.
Стручното лице може да Ви помогне во остварувањето на правна помош и застапување обезбедено од здруженија на граѓани.

***8. Постапка пред надлежен суд*** - Центарот за социјална работа пред надлежниот суд покренува постапка за изрекување на времени мерки за Ваша заштита од семејно насилство по Ваша согласност и барање.

Мандатот на Центрите за социјална работа е обезбедување на стручна помош и заштита на жртва на семејно насилство, преку откривање на случаи на семејно насилство, преземање мерки за заштита согласно извршената проценка за потребната интервенција и третман, поведување постапка за изрекување привремени мерки на заштита и нивно следење. Центарот за социјална работа во доменот на својата работа воспоставува и мрежна соработка со други ресорсно надлежни субјекти на ниво на локалната заедница (полиција, здравство, суд, обвинителсво, НВО и сл.), заради остварување на своите законски надлежности во ова подрачје на работа.

Од Центарот за социјална работа можете да побарате изрекување на следниве ***мерки на заштита***:

- Забрана на сторителот да Ви се заканува дека ќе стори семејно насилство,
- Забрана да Ве малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин да комуницира со Вас,
- Забрана да се приближува до Вашето живеалиште, училиште, работно место или определно место кое го посетувате Вие или член на Вашето семејството,
- Отстранување на сторителот на семејно насилство од домот, без оглед на сопственоста,
- Забрана на сторителот на семејно насилство, да поседува огнено оружје или истото да му биде одземено,
- Задолжување на сторителот на семејно насилство да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на Вашите секојдневни потреби,
- Задолжително издржување на семејството,
- Посетување на соодветно советувалиште,
- Задолжително лекување доколку сторителот е корисник на алкохол, дрога и други психо-тропни супстанци или доколку има одредено душевно заболување,
- Надоместување на медицински и други трошоци настанати од семејното насилство,
- Изрекување на било која друга мерка која се смета за неопходна за да се обезбеди Вашата сигурност и сигурноста на Вашето семејство.

***За насилството не постои оправдување, никој не заслужува да биде жртва на семејно насилство!!!***

## Контакти на Центрите за социјална работа на територијата на Република Македонија

| *Ред.Бр.* | *Центар за социјална работа* | *Телефон* |
|---|---|---|
| 1. | ЦСР Берово | 033-470-641 / 033-471-072 |
| 2. | ЦСР Битола | 047-231-641 |
| 3. | ЦСР Македонски Брод | 045-271-137 / 045-274-138 |
| 4. | ЦСР Валандово | 034-382-670 |
| 5. | ЦСР Виница | 033-361-305 / 033-360-305 |
| 6. | ЦСР Гевгелија | 034-213-797 |
| 7. | ЦСР Гстивар | 042-217-645 / 042-213-431 |
| 8. | ЦСР Дебар | 046-831-400 |
| 9. | ЦСР Делчево | 033-411-736 / 033-410-300 |
| 10. | ЦСР Демир Хисар | 047-276-751 / 047-277-751 |
| 11. | ЦСР Кавадарци | 043-414-456 |
| 12. | ЦСР Кичево | 045-220-661 / 045-225-326 |
| 13. | ЦСР Кочани | 033-274-139 / 033-274-141 |
| 14. | ЦСР Кратово | 031-481-228 |
| 15. | ЦСР Крива Паланка | 031-372-245 / 031-375-200 |
| 16. | ЦСР Крушево | 048-476-866 |
| 17. | ЦСР Куманово | 031-438-160 |
| 18. | ЦСР Неготино | 043-361-488 / 043-363-788 / 043-365-238 |
| 19. | ЦСР Охрид | 046-260-707 |
| 20. | ЦСР Прилеп | 048-424-595 / 048-421-702 |
| 21. | ЦСР Пробиштип | 032-483-127 |
| 22. | ЦСР Радовиш | 032-635-601 / 032-431-065 |
| 23. | ЦСР Ресен | 047-452-552 / 047-451-419 / 047-451-775 |
| 24. | ЦСР Свети Николе | 032-443-305 / 032-444-456 |
| 25. | ЦСР Скопје | 02-3297-700 / 02-3297-703 |
| 26. | ЦСР Струга | 046-786-976 / 046-783-401 |
| 27. | ЦСР Струмица | 034-325-401 |
| 28. | ЦСР Тетово | 044-339-060 |
| 29. | ЦСР Велес | 043-231-355 / 043-231-426 |
| 30. | ЦСР Штип | 032-385-031 |

## III Улогата и одговорноста на Министерството за внатрешни работи во случаи на семејно насилство

Министерството за внатрешни работи има широк мандат за постапување во случаи на семејно насилство и тоа:

- Постапување по пријави за извршено семејно насилство,
- Заштита на Вас/лица жртви на семејно насилство,
- Сузбивање и попречување на насилството,
- Откривање на сторителите и покренување постапка против истите,
- Превентивни активности

***Пријавете семејно насилство во најблиската полициска станица или на телефон 192 !!!***

**Како може да Ве заштити полицијата?**

**Постапување на полицијата во случаи на семејно насилство**

Надлежноста на полицијата во полето на семејното насилство е Ваша заштита како жртва на семејно насилство, откривање на сторителите, сузбивање и попречување на семејното насилство и негово спречување.

Со цел ефикасно и навремено давање заштита, полициските службеници постапуваат итно и ги обезбедуваат сите потребни докази за успешно спроведување на кривичната постапка.

**1. Пријавување и постапување -** Семејното насилство можете да го пријавите во полициската станица кај дежурниот полициски службеник преку телефонско јавување или непосредно пријавување. Тој лично врши проценка за тежината на случајот и врз основа на утврдената проценка превзема одредени активности како што се: податоци за пријавителот, жртвата, сторителот, време и место на настанот, дали има повредени, дали има потреба од лекарска интервенција, моментална опасност, дали има оружје и дали постои опасност истото да биде употребено, присуство на деца и потреба од нивна заштита, инструкции и совет за моментална безбедност и сл.

**2. Евидентирање -** Понатаму, сите генералии и податоци за пријавеното семејно насилство се бележат во книгите за евиденција.

**3. Излегување на лице место -** Излегувањето на терен го вршат најмалку двајца полициски службеници и истите се должни да превземат мерки за Ваша заштита и спречување на насилникот во понатамошното вршење на насилство. Полициските службеници остваруваат одвоен разговор со Вас и со сторителот доколку за тоа постојат објективни можности.

➢ При постапување во случај на семејно насилство, полициските службеници ги превземаат сите мерки и активности со цел утврдување на фактичката состојба;

➢ По потреба, вршат увид и обезбедуваат докази заради понатамошно проследување на вештачење;

➢ Вршат опис на видливите повреди на Вас и на сторителот;

➢ Превземаат други потребни истражни дејствија;

➢ Во случај на потешки повреди повикуваат итна медицинска помош;

- Ве информираат за мерките кои ќе бидат превземени против насилникот;

- По потреба воспоставуваат контакти со надлежниот Центар за социјална работа или Националната СОС линија;

- Задолжително повикуваат инспектор по малолетничка деликвенција и претставник од Центар за социјална работа, доколку Вие како жртва сте дете, малолетно лице или лице со попреченост во психо-физичкиот развој;

- Го информираат насилникот за мерките кои ќе бидат превземени против него со цел спречување на насилството согласно законските овластувања;

- На самото место полициските службеници вршат проверка за присуство на оружје и доколку се утврдат елементи за сторен прекршок или кривично дело истото веднаш привремено му се одзема;

- Ве информираат за правото за поднесување на предлог до судот за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилство;

- За сите мерки и активности, полициските службеници подготвуваат службени белешки;

- Писмено го информираат Центарот за социјална работа;

- По потреба поднесуваат кривична пријава против сторителот на семејно насилство.

**Полицијата може да Ве заштити во случај на семејно насилство - слободно обратете и се!!!**

## IV. Здруженија на граѓани кои го третираат семејното насилство

Согласно Законот за социјална заштита (Сл. Весник на Р.Македонија бр. 79/09), постојат здруженија на граѓани кои се запишани во Регистарот на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита, кои можат да даваат услуги од социјална заштита.

Кај овие граѓански здруженија можете да се обратите доколку имате потреба од:

- информирање,
- правно советување,
- составување на правни поднесоци (тужби, жалби молби, барања),
- упатување до надлежни институции,
- психо-социјална помош и поддршка (индивидуална и групна работа),
- разговор со правник, адвокат, социјален работник и психолог.

***Никогаш не срамете се да го пријавите семејното насилство и да побарате помош!!!***

## Контакти на Здруженија на граѓани

| *Ред.бр.* | *Здружение на граѓани* | *Телефон* |
|---|---|---|
| 1. | Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ - ЕСЕ - Скопје | 02-329-82-96<br>02-329-82-95<br>02-321-14-53 |
| 2. | Кризен центар „Надеж” – Скопје | 02-317-55-16<br>02-317-34-24 |
| 3. | Здружение за општествена акција,едукација и превентива „ЕАСП” - Скопје | 071-355-453 |
| 4. | Отворена Порта - Ла Страда Македонија | 02-270-01-07<br>02-270-03-67 |
| 5. | Сојуз на организациите на жени на Р.Македонија СОЖМ | 02-313-43-90<br>02-323-81-84 |
| 6. | Организација на жени на град Скопје | 02-316-48-15 |
| 7. | Згрижување на жени и деца жртви на насилство - „Шелтер центар” - Скопје | 02-277-24-00 |
| 8. | Здружение за поддршка и заштита на деца и семејства под ризик „За среќно детство” - Скопје | 02-262-24-91<br>070-227-289 |
| 9. | Здружение на социјални работници на град Скопје | 02-321-26-90 |
| 10. | Опции за здрав живот „ХОПС” Скопје | 02-313-00-38 |
| 11. | Асоцијација за здравствена едукација и истражување „Хера” – Скопје | 02-329-03-95 |
| 12. | Прва детска амбасада „Меѓаши” - Скопје | 02-246-53-16<br>02-246-39-00<br>0800-122-22 |
| 13. | Ромска организација на жени Даја - Куманово | 031-413-662 |
| 14. | Здружение за човекови права на жените „Беса 2003” - Куманово | 031-431-466<br>070-366-157 |
| 15. | Женски Центар - Куманово | 031-411-088 |
| 16. | Здружение на граѓани „Флоренс Најтингејл” – Куманово | 031-249-259 |
| 17. | Организација на жените на Општина Свети Николе | 032-444-620<br>032-440-032 |
| 18. | Организација на жени „ Искра ” - Битола | 075-977-720 |

| | | |
|---|---|---|
| 19. | Граѓанска иницијатива за еднакви можности „Семпер” - Битола | 047-252-095/ 047-251-000 070-339-296 |
| 20. | Женски Форум - Тетово | 044-337-440 |
| 21. | Едукативно Хуманитарна Организација „ЕХО” - Штип | 032-384-143 |
| 22. | Здружение на граѓани за еманципација, социјализација, ресоцијализација и психосоцијална помош и човекови права на граѓаните „Продолжен живот” - Струмица | 034-324-154 |
| 23. | Организација на жени „Китка” - Прилеп | 048-419-116 |
| 24. | Еднакви за сите - Кочани | 033-275-934 |
| 25. | Здружение на жени „Ауреола”-Струга | 046-781-384 |

# Заштита од надлежни државни и граѓански организации




ДОСТА
ОД
УДАРИ!

ВАШЕТО СЕКОЈДНЕВНО ОДНЕСУВАЊЕ Е МОДЕЛ КОЈ ГО СЛЕДАТ ДЕЦАТА !

НЕ ДОЗВОЛУВАЈТЕ НЕКОЈ ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВОТО СО ПРИМЕНА НА СИЛА, ЗАКАНА И ЗАПЛАШУВАЊЕ ДА ВИ НАНЕСУВА ТЕЛЕСНИ ПОВРЕДИ, ДА ВРШИ ЕМОЦИОНАЛНА ИЛИ СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА И/ИЛИ МАТЕРИЈАЛНО И/ИЛИ СЕКСУАЛНО ДА ВЕ ИСКОРИСТУВА !

СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО Е КРИВИЧНО ДЕЛО !

ЗА НАСИЛСТВО НЕ ПОСТОИ ОПРАВДУВАЊЕ !

ПРИЈАВЕТЕ НАСИЛСТВО НА 192 ИЛИ ВО НАЈБЛИСКАТА ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА ИЛИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА !




Организација на жените на општина Свети Николе
Ул: Цветан Димов бр.14 ( 032/ 444 620
e-mail: wom_org@yahoo.com
www.womsvetinikole.org.mk

Поддржано од Кралството Холандија и Фондот на Обединети Нации за спречување на насилството врз жените
Спроведено од: УНДП, УНИЦЕФ, УНИФЕМ, УНФПА и СЗО